РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-739/8

_________ г./v.
10-06-2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција доставена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 49-та седница одржана на ден 07.06.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2775 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2775/1 од 21.05.2019 година, доставена од подносителот од подносителот ----------- ---------- од ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2775 од 2019 година.

Предметот со број 12-2775 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2775/1 од 21.05.2019 година, е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител - ----------- ---------- од ---------,.

Во добиената пријава изнесени се наводи против судии кои одлучувале во првостепена, второстепена, постапка пред Врховен суд по предмети водени за утврдување на сопственост на имот кои биле заведени од страна на подносителот на пријавата како тужител против приватно правно лице и против обвинители од ОЈО Скопје и Вишо Јавно обвинителство Скопје.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до други надлежни органи и институции. По барањата на Државната комисија доставени се известувања со бараните податоци и информации а по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

-Во конкретниот случај станува збор за постапки, водени пред надлежните судови во РСМ, за утврдување на сопственост на имот - три стана во Скопје кои подносителот на пријавата ги владеел од 2004 година, а кој сега е оштетена страна поради тоа што противправно му било одземено владението на истите од страна на приватно правно лице ---------- ---------------- ДОО СКОПЈЕ во стечај, инвеститор и изведувач, а за кои станови во тек била парнична постапка поведена од тоа друштво против оштетеното

лице за иселување и предавање во владение на становите. За предметниот случај се воделе судски постапки од 2013 година и биле донесени судски пресуди и решенија од страна на Основен суд Скопје I и II, Апелационен суд и Врховен суд. Во прилог на поднесената пријава од страна на подносителот доставена е документација како докази за предметните наводи, а подносителот на пријавата бара, ДКСК да ја разгледа доставената пријава со приложените докази и да постапи согласно своите законски надлежности. Од извршениот увид во доставената документација констатирано е следното:

Во врска со конкретниот случај од страна на подносителот била поднесена и Кривична пријава која била доставена до ОЈО Скопје на ден 18.01.2018 година, против две лица --------- ------------- и --------------------, двајцата од Скопје, поради сомневање за сторено кривично дело - злоупотреба на службена положба и овластување. Истиот ден, била поднесена и Кривична пријава до ОЈО Скопје, против лицето ----------- ------------ од Скопје, поради сомневање за сторено кривично дело - тешка кражба, по која ОЈО Скопје постапило и со Решение -------------------- од 07.11.2018 година, била отфрлена предметната кривична пријава. По однос на Решението на ОЈО Скопје,од страна на подносителот била поднесена жалба и дополнение на жалбата до Вишото Јавно Обвинителство Скопје кое постапило и донело Решение од 16.04.2019 година, со кое жалбата била одбиена, а поради незадоволство од донесеното решение била поднесена и претставка до Јавен обвинител на РСМ, од 17.06.2019 година.

- По барањето на ДКСК доставено до Министерството за внатрешни работи со кое е побарано нивно надлежно постапување по однос на предметните наводи и врз основа на доставената документација, на ден 05.09.2019 година добиен е одговор од МВР - СВР – Скопје, Единица за економски и компјутерски криминал, со кое се известува дека преку МВР - Биро за Јавна Безбедност - Оддел за криминалистичка полиција, бил направен увид во доставената документација и согласно член 280 и член 284 став 2, од Законот за кривичната постапка, целокупната документација била доставена до Основно Јавно Обвинителство Скопје, за нивно понатамошно постапување и носење на јавнообвинителска одлука.

- На ден 16.04.2021 година, по барање на ДКСК, добиен е одговор од Основното јавно обвинителство Скопје со кој се известува дека до ова обвинителство, од страна на МВР БЈБ СВР Скопје, Единица за економски и компјутерски криминал било поднесено писмено известување ------------- од 21.08.2019 година, кое се однесувало на пријава поднесена од лицето ---------- ---------- од ---------, во која изнесува сомневања против судии кои одлучувале во првостепена, второстепена и постапка пред Врховен суд, по предмети водени за утврдување право на сопственост на имот, кои биле поведени од неа како тужител, против правното лице ------------ ---------------- ДОО Скопје во стечај, но и против обвинители од Основното јавно обвинителство --------- и Вишото јавно обвинителство -----------. По проучување на писменото известување, од страна на Основното јавно обвинителство Скопје била донесена резолуција ------------ од 09.02.2021 година, со која било утврдено дека нема место за јавнообвинителска интервенција, бидејќи пријавеното дело не е кривично дело за кое гони по службена должност, а до подносителот на пријавата ------------ ------------ било доставено известување за донесената одлука, кое било примено на 26.02.2021 година.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во врска со предметниот случај било постапено од страна на други органи кои се надлежни да постапуваат од областа, (МВР БЈБ СВР Скопје, Единица за економски и компјутерски криминал и Основното јавно обвинителство Скопје), а кои при своето постапување донеле одлуки во рамките на своите законски

надлежности и за тоа го известиле подносителот на пријавата. Согласно со констатираното, Државната комисија оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот, се запира а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Б.И., претседател на ДКСК